**<u>Прашања поставени од акционерите на Годишното Собрание на Македонски Телеком одржано на 29.05.2024 година и одговори дадени од страна на Друштвото</u>**

**<u>I. По точката 1 од Дневниот ред</u>** – Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"

**Прашање:** Зошто ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година се изготвени по меѓународни стандарди, а не по локални и која разликата меѓу нив?

**<u>Одговор:</u>** Согласно законската регулатива сеуште постојат 2 (два) сета на извештаи затоа што сегашните меѓународни стандарди за финансиско известување не се целосно усвоени заклучно со 2023 година и затоа Друштвото има обврска да известува согласно двата сета на извештаи. За цели на локалната регулатива сеуште е валиден сетот согласно локалните стандарди. Но имајќи предвид дека Друштвото котира на меѓународни берзи, Друштвото има обврска да изготвува извештаи согласно меѓународните стандарди. Дополнително, ќе има промени во регулативата со што целосно ќе бидат усвоени меѓународните стандарди и тоа се очекува да биде наредната година и во тој момент Друштвото ќе има единствен сет на известување.